РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

REPUBLIC OF MACEDONIA
MINISTRY OF LABOR AND SOCIAL POLICY

# ИНДИКАТОРИ

# ЗА

# ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЖРТВИ НА

# ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Скопје, 2014

СОДРЖИНА

ВОВЕД

1. Идентификација на жртви на трговија со луѓе

2. Поделба на индикатори за идентификација на жртви на трговија со луѓе

2.1 Директни индикатори

2.1.1 Општи индикатори

2.1.2 Специфични индикатори

2.2 Индиректни индикатори

3. Индикатори за идентификација на деца жртви на трговија со луѓе

3.1 Општи индикатори за деца жртви на трговија со луѓе

3.2 Специфични индикатори за деца жртви на трговија со луѓе

## Вовед

Трговијата со луѓе е комплексен, општествен, повеќедимензионален, криминален и социјален проблем, со кој се кршат основните човекови права и слободи на жртвите на трговија со луѓе. Како форма на организиран криминал, трговијата со луѓе ги нарушува и уставните и законските начела и стандарди на современото демократско општество.

Од наведените причини, потребно е да се посвети поголемо внимание, од страна на сите институции/организации во идентификација и решавање на проблемот на национално, регионално и меѓународно ниво, бидејќи сигурноста на граѓаните е една од фундаменталните потреби и права и интегрален дел на квалитетно живеење.

Потребата од изработка на индикатори е присутна, иако постојат пракси, идентификацијата на жртвите на трговија со луѓе да ја вршат задолжени и обучени стручни лица од институциите и здруженијата на граѓани, врз основа на дадени насоки и формулар за идентификација, содржан во СОП[1].

Практична имплементација на јасни и оперативни индикатори како помошна алатка/водич во квалитетна и навремена идентификација на жртвите, ќе овозможи помош во откривањето на кривичните дела, адекватна и ефикасна кривична постапка, соодветно упатување, добивање навремена помош и поддршка на жртвите и нивно вклучување во програмите за реинтеграција.

Индикаторите за идентификација на жртвите на трговија со луѓе, се поделени во две групи: **директни индикатори** наменети за идентификација на жртвите и **индиректни индикатори** за идентификација на потенцијалните жртви. Директните индикатори се делат на **општи и специфични индикатори** според видот на трговијата, но истите се разликуваат за **возрасни лица** и **деца** жртви на трговија со луѓе.

---

[1] СОП ревидиран документ усвоен од Владата на Република Македонија во 2010, 68 страна.

# 1. ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

**ИДЕНТИФИКАЦИЈАТА** е процес со кој преку низа показатели се добиваат информации (интервју, материјални докази и др.), врз основа на кои се врши проценка дали лицето е жртва на трговија со луѓе[2]. По идентификацијата, на жртвите им се обезбедуваат неопходни мерки за заштита на нивната физичка безбедност, права и сигурност дека ќе добијат пристап до соодветна помош и поддршка.

Прашањето на индикаторите за идентификација и упатување на жртви на трговија со луѓе, е регулирано во мерка 5 „Идентификација" во Стандардните оперативни процедури[3].

Индикаторите претставуваат "индиции"/"показатели"/"знаци" кои укажуваат на можно постоење на трговија со луѓе, која се потврдува врз основа на извршена анализа и проценка по вкупно собраните информации, извршеното интервју и однесување на лицето. Не сите показатели наведени подолу, се присутни во секоја ситуација на трговијата со луѓе/деца.

Поради повеќе причини (страв, физичка/психичка траума и др.), често не е можно да се добијат веднаш сеопфатни информации за постоење на директни индикатори на трговија со луѓе (активности, средства, цел), кои се неопходен елемент за идентификација на жртвата на трговија со луѓе. Идентификацијата е долготраен процес кој минува низ неколку фази, а жртвата првично се идентификува како потенцијална жртва на трговија со луѓе.

**Како да се користат индикаторите**

Сетот од индикатори може да се користи како практичен водич за проценка која ја прават задолжените службени лица[4]/организации[5], кои контактираат со жртви или потенцијални жртви на трговија со луѓе.

---

[2]Под **жртва на кривично дело** се подразбира секое лице кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на неговите основни слободи и права, како последица на сторено кривично дело. Под дете жртва на кривично дело се подразбира малолетно лице до осумнаесет години, член 122 од КЗ на РМ.
[3] СОП ревидиран документ усвоен од Владата на Република Македонија во 2010г.

Еден индикатор некогаш може да се преточи во едно или повеќе прашања, а одговорот може да води кон постоење или непостоење на случај на трговија со луѓе.

Потребно е преку индикаторите да се соберат информации за процесот на регрутација, транспорт, средствата кои се користени за лицето да биде злоупотребувано или експлоатирано, условите за работа, условите за живеење и престој, насилство, зависност, уцена, лична слобода, измама и плаќање (активности, средства, цели).

Само во случај кога се работи за деца, во согласност со Палермо протоколот, присуството на средствата не се неопходни за да се идентификува случај на трговија со деца.

Изготвените индикатори можат да подлежат на промени и надополнувања поради менливоста на modusot operandum–начините на регрутирање и експлоатација на жртвите од страна на трговците, што подразбира и нивно натамошно менување/надополнување.

## 2. ПОДЕЛБА НА ИНДИКАТОРИ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

**Индикаторите за идентификација на жртви на трговија со луѓе се делат на:**

- **Директни индикатори** кои се однесуваат на трите елементи од дефиницијата на трговијата со луѓе, (со исклучок на деца за кои не е потребно да постојат индикатори кои упатуваат на присуство на средствата).

- **Индиректни индикатори** не упатуваат на постоење на трите елементи од дефиницијата за трговија со луѓе, содржат одредени, непотполни и комбинирани информации, кои не се доволни за да се идентификуваат жртвите на трговија.

Кај потенцијалните жртви на трговија со луѓе најчесто недостасува елементот на присилба или нема доволен број на докази. Со индиректни индикатори се

[4] МВР-СТЛКМ, МТСП-ЦСР.
[5] Здруженија на граѓани кои идентификуваат потенцијални жртви на трговија со луѓе.

идентификуваат потенцијалните жртви[6] на трговија со луѓе кои треба да имаат исти права и ист третман како и жртвите на трговија со луѓе.

## 2.1 ДИРЕКТНИ ИНДИКАТОРИ НА ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

**Дефиницијата** на „трговија со луѓе“[7] може да се подели во три главни групи на елементи според кривичното дело, кои се однесуваат на **активностите** кои се преземаат во процесот на трговијата со луѓе**, средствата** кои ги употребуваат трговците со луѓе и **целта** која ја имаат трговците во процесот на трговијата со луѓе.

Сите три елементи мора да бидат присутни и меѓусебно поврзани за да постои трговија со луѓе (исклучок се децата).

| Активности | | Средства | | Експлоатација |
|---|---|---|---|---|
| • регрутирање,<br>• врбување,<br>• превезување,<br>• пренесување,<br>• прифаќање,<br>• засолнување,<br>• купување/продавање на жртвите на трговија со луѓе. | Со помош на | • закана по личен живот и живот на семејство,<br>• принуда,<br>• грабнување,<br>• лага,<br>• измама (делумна или целосна),<br>• залажување,<br>• употреба на сила,<br>• злоупотреба на позиција,<br>• давање или примање на пари,<br>• состојбата на бременост,<br>• немоќ/ранливост<br>• физичка или ментална неспособност, | За цели на | • сите форми на сексуална експлоатација,<br>• порнографија,<br>• принудна работа или слугување,<br>• ропство, практики слични на ропство,<br>• присилни бракови,<br>• присилна фертилизација,<br>• незаконито посвојување,<br>• питачење,<br>• вршење на ситен криминал и<br>• недозволено пресадување |

[6]**Потенцијална жртва трговија со луѓе**: е лице за кое постојат индиции дека е жртва на трговија со луѓе, но, кое формално не е идентификувано од страна на надлежните органи или кое одбило да биде формално идентификувано.
[7] Согласно со Палермо протоколот и Европската конвенција за борба против трговија со луѓе.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | делови од човековото тело. |

Директните индикатори се делат на :

- **општи индикатори и**
- **специфични индикатори.**

2.1.1 **Општи индикатори** - потенцираат некои од факторите кои може да значат дека лицата се жртви на трговија со луѓе. Тие се општи по природа, и не се применливи за сите видови трговија со луѓе.

| | |
|---|---|
| Возраст | Опсегот за возраста на лицата за кои се сомнева дека се жртви на трговија со луѓе, зависи од видот на експлоатацијата.<br><br>Децата се особено подложни на трговија со луѓе, тие можат да бидат експлоатирани во секс индустријата, нелегалните пазари на труд, присилните бракови, питачење и вршење на ситни кражби, да бидат користени како домашни "робови", за посвојување и пресадување на органи. |
| Пол | Во трговија со луѓе со цел сексуална експлоатација како доминантни жртви се јавуваат жените и девојчињата, и затоа трговијата со луѓе може да се третира и како родово базирано насилство.<br><br>Жртви на трговијата со луѓе со цел принудна работа или трудова експлоатација се и мажите и жените. |
| Локација на потекло, транзит и дестинација | Жртвите доаѓаат од земјите во развој или од земјите во транзиција, каде што можностите се ограничени и најчесто се одвива во развиените земји за различни цели, иако истата може да се случи и во матичната земја. Тенденција е да доаѓаат од маргинализирани и ранливи групи. Локации каде што жртвата е пронајдена: бордели, барови, ноќни клубови, агенции за „девојки на повик“, клубови за „приватни танци„ салони за масажа или сауни, угостителски објекти/ресторани (забавна или услужна индустрија), земјоделски, сточарски или |

| | |
|---|---|
| | градежни објекти, плантажи, текстилна индустрија, фабрики, рудници, приватни домови/услуги за чистење и одржување итн. |
| **Документација** | Непоседување на лични документи, лажен идентитет или фалсификувани документи. |
| **Превоз** | Начинот како жртвата била транспортирана/пренесувана. |
| **Придружба** | Постојаната придружба на жртвите упатува на контрола при транспортот. |
| **Физички изглед** | Физичка повреда, скришеници, модринки, инфекции, темни очи, одредени тетоважи на телото на жртвата како и несоодветната облека и нападна шминка. |

**Индикатори поврзани со однесувањето на жртвите на трговија со луѓе**

- ☐ Лицето се плаши да зборува,
- ☐ Лицето е инструирано како да зборува,
- ☐ Дава спротивставени, нецелосни и невистинити информации,
- ☐ Се обидува да избега,
- ☐ Лицето стои настрана од групата во објектот каде е направена контрола/рација,
- ☐ Смета дека е набљудувано и следено,
- ☐ Дозволува други да зборуваат во нејзино име,
- ☐ Манифестира страв и вознемиреност,
- ☐ Реагира со гнев, избувливост и агресивност,
- ☐ Лицето има забележителни осцилации во однесувањето,
- ☐ Покажува девијантно однесување,
- ☐ Присутни се дезориентација, конфузија, фобии, или напади на паника,
- ☐ Кажува дека има проблеми со сонот,
- ☐ Манифестира знаци на депресија,
- ☐ Манифестира знаци на зависност од алхохол, дрога и медикаменти,
- ☐ Има недоверба кон органите на власта и одбива да соработува,
- ☐ Се плаши да не се открие имигрантскиот статус,
- ☐ Го заштитува трговецот и неговите соработници.

**Индикатори поврзани со опкружувањето на жртвите на трговија со луѓе**

☐Луѓето од опкружувањето на лицето (родители, роднини, пријатели, соседи) се сомневаат дека лицето е жртва на трговија со луѓе,
☐Лицето не покажува приврзаност кон домот и е изолирано,
☐Откриено е на локација типична за одреден вид на експлоатација,
☐Има многу нови контакти и придобивки од нив (облека, скапи мобилни телефони),
☐Лицето е во контакт со лица за кои постои сомнение дека се поврзани со трговија со луѓе,
☐Местото каде што престојува има специјална безбедносна техника (камери, скривалишта, бункери, обезбедување),
☐Лицето патува често и ја менува локацијата,
☐Постапува по добиени инструкции од некого,
☐Надминат е дозволениот престој/нерегулиран престој.

**Индикатори поврзани со одредени недозволени дејствија:**

Лична слобода

☐Движењето е ограничено,
☐Лицето е држено во изолација и под контрола,
☐Се движи со придружба,
☐Ограничени контакти со семејството и со др. луѓе надвор од нивната непосредна околина,
☐Забрана да го напушти местото каде што работи/престојува,
☐Лицето е обврзано да остварува редовни контакти со трговецот преку телефон,
☐Сите телефонски контакти на лицето се контролираат и следат.

Плаќање

☐Лицето добива/ не добива финансиски средства или не располага со нив,
☐Лицето е пониско платено во однос на другите ангажирани лица,
☐Долгот на лицето постојано расте од различни причини (должнички однос),
☐Исплаќа долгови кон трговецот за патни трошоци, облека, храна, сместување и сл.,

- [ ] Лицето е принудувано да одработи одредена сума на ден или недела,
- [ ] Има сознанија дека лицето е купувано или продавано.

### Услови за работа

- [ ] Условите за работа на лицето се во спротивност со условите предвидени во законската регулатива (без договор за работа, опасни услови за работа, без право на одмор, здравствена заштита и сл.),
- [ ] Лицето нема можности да договара услови за работа,
- [ ] Претходно договорените услови за работа не се почитуваат,
- [ ] Лицето работи под принуда и закана,
- [ ] Работи врз основа на  повеќе лажни ветувања.

### Услови на престој

- [ ] Лицето е принудувано да живее каде што работи,
- [ ] Живее во лоши хигиенски услови со многу луѓе во мал простор,
- [ ] Плаќа високи суми за лоши услови на престој,
- [ ] Нема пристап до средствата за јавно информирање,
- [ ] Не поседува лични предмети,
- [ ] Лицето се крие/прикрива пред службени лица.

### Насилство

- [ ] Лицето е подложно на различни видови на насилство,
- [ ] Има видливи траги од насилство,
- [ ] Лицето се „дисциплинира„ преку казни,
- [ ] Сведок е на насилство над други лица со цел „поука“,
- [ ] Има закани за насилство кон членовите на семејството,
- [ ] Се користи принуда и употреба на сила доколку  пружи отпор,
- [ ] Лицето се лишува од храна и вода.

### Зависност

- [ ] Не може да комуницира поради  непознавање на јазик,
- [ ] Не ја знае адресата на престој и работа,
- [ ] Лицето зависи од трговецот во обезбедувањето на храна, престој, облека и сл.

**Уцена**

☐Лицето се уценува со одземање на личните документи,
☐Се уценува поради нерегулиран престој,
☐Семејството на лицето е уценувано и заплашувано,
☐Уцени за откривање на информации во јавност кои ќе наштетат на угледот на жртвата /семејство,
☐Уцена за информирање на властите за криминалните активности во кои е инволвирано.

**Регрутирање**

☐Лицето е инволвирано преку посредничка фирма во друга земја, агенција за модели, туристичка агенција, агенција за познанства,
☐Регрутирано преку пријател, партнер, роднина, член на семејство или познат,
☐Лицето е регрутирано преку склучување на фиктивен/договорен брак,
☐Со киднапирање и грабнување,
☐Преку социјални мрежи.

**Измама**

☐Измама со ветување на високи приходи,
☐Измама во однос на условите на работа,
☐Измама со ветување на „љубовна врска“,
☐Измама со ветување на брак.

**2.1.2 Специфични индикатори поврзани со одредени видови на експлоатација на** жртвите на трговија со луѓе:

СЕКСУАЛНА ЕКСПЛОАТАЦИЈА

☐Жртвите се најчесто женски лица под 30 годишна возраст,
☐Се преместуваат во различни објекти/локали и локации,
☐Пронајдени се во ноќни клубови/угостителски објекти/индивидуални објекти, каде што нудат сексуални услуги,
☐Имаат одредени тетоважи или други ознаки кои означуваат “сопственост” на трговците со луѓе,

☐Спијат во ноќни клубови/угостителски објекти, каде што даваат сексуални услуги,
☐Живеат или патуваат во групи иако не зборуваат ист јазик,
☐Имаат многу малку облека и голем дел од облеката е вообичаена за “сексуална работа ”,
☐Употребуваат жаргон или познаваат вулгарни зборови на локален јазик,
☐Неможат да одбијат незаштитен секс и/или насилен секс,
☐Немаат право да престанат да се занимаваат со проституција кога сакаат,
☐ Чести бремености и присилни прекини на бременост,
☐Има забрана за запознавање и зближување со клиенти,
☐Имаат здраствени проблеми предизвикани од сексуалната злоупотреба,
☐Имаат чести сексуално преносливи инфекции/ болести.

<u>ТРУДОВА ЕКСПЛОАТАЦИЈА</u>

**Лицата жртви на трговија со луѓе за цели на трудова експлоатација** работат: во сточарски фарми/бачила, земјоделски или градежни работи, плантажи, текстилна индустрија, фабрики, погони, рудници, приватни домови/услуги за чистење и одржување, салони за масажа, ноќни клубови, угостителски објекти итн.

☐Работат понижувачки, валкани, или опасни работи без соодветна заштитна опрема,
☐Контролирани се на работното место, преку камери за надзор, заклучувани, изолирани во оддалечени локации без достапни средства за превоз,
☐Немаат можност слободно да се движат,
☐Работат поголем број часови или денови без паузи , слободни денови, право на боледување, надвор од пропишани услови со националното законодавство, без право на жалба,
☐Се дисциплинираат преку казни (физички и парични),
☐Личните документи им се задржани од страна на работодавачот,
☐Работодавецот не поседува потребни документи за вработување,
☐ Измама во врска со легалноста на работата,
☐Работодавецот не е во можност да достави записи за исплатена плата на работниците,
☐Нема соопштенија за здравје и безбедност при работа,
☐Има сознанија за прекршување на законите за работни односи и заштита при работа,
☐Присутни хронични заболувања како резултат на присилна работа,
☐Веруваат дека мора да работат против своја волја,
☐Се плашат да не се открие нивниот нерегулиран статус.

ПИТАЧЕЊЕ И СИТЕН КРИМИНАЛ

Лица на различна возраст: особено деца или возрасни лица, лица со хендикеп, мигранти питачат/вршат ситни кражби.

- ☐ Лицето е дел од група која се занимава со питачење, џепарење и др. вид на ситен криминал (учествува во одредени активности на организирани криминални групи),
- ☐ Лицето е принудено да врши кражби доколку не „обезбеди"доволно пари од питачењето,
- ☐ Се казнуваат доколку не „обезбедат " или украдат доволно пари,
- ☐ Се движат во групи при патување со јавен превоз, во други земји/места каде питачат и вршат кражби,
- ☐ Има информации дека некое лице било вклучено во сличен криминал во друга земја/место.

ДОМАШНО СЛУГУВАЊЕ

- ☐ Живееат во семејство каде се експлоатирани,
- ☐ Се хранат одделно од членовите на семејството,
- ☐ Јадат остатоци од храна,
- ☐ Немаат приватен простор и спијат во несоодветна просторија,
- ☐ Никогаш не излегуваат сами и не комуницираат со средината,
- ☐ Подложни се на навреди, малтретирање, закани и насилство.

## 3. ИНДИКАТОРИ ЗА ДЕЦА[8] ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

### 3.1 Општи индикатори за идентификација на деца жртви на трговија со луѓе

- ☐ Немаат контакт со родители или старатели,
- ☐ Непоседуваат лични документи или поседуваат фалсификувани документи,
- ☐ Патуваат без придружба на родител/старател,
- ☐ Возрасните со кои живее детето располагаат со негови документи и согласност од родителите,
- ☐ Лажат за возраста или не знаат колку години имаат,

[8] Дете жртва на трговија со луѓе е лице на возраст до 18 години.

- ☐ Не одат во училиште, не знаат да читаат и пишуваат,
- ☐ Занемарени се, запуштени, гладни и несоодветно облечени,
- ☐ Немаат здравствена заштита,
- ☐ Се обидуваат да избегаат од службените лица,
- ☐ Изгледаат исплашено, срамежливо, исцрпено, уморно, збунето и покажуваат знаци на физичка и ментална злоупотреба,
- ☐ Имаат големи промени во однесувањето кое не соодветствува на нивната возраст,
- ☐ Имаат модринки во различни делови и фази по телото,
- ☐ Немаат другарчиња,
- ☐ Немаат време за играње,
- ☐ Немаат слобода на движење,
- ☐ Живеат во супстандардни услови,
- ☐ Превозот до земјата/регионот на дестинација ја платиле други лица, на кои треба да им отплатат преку работа,
- ☐ Не располагаат со паричнi средства или располагаат со високи суми.
- ☐ Постои сознание дека некое лице е купувано/продавано.

### 3.2 Специфични индикатори поврзани со идентификација на децата жртви на трговија со луѓе:

СЕКСУАЛНА ЕКСПЛОАТАЦИЈА

- ☐ Деца жртви на сексуална експлоатација се најчесто женски лица,
- ☐ Придружувани се од лица кои ги контролираат,
- ☐ Постојат сознанија дека имале незаштитен и / или насилен секс,
- ☐ Одбиваат да зборуваат за сексуалната злоупотреба.

ТРУДОВА ЕКСПЛОАТАЦИЈА

**Децата жртви на трговија со луѓе за цели на трудова експлоатација** обично работат: во сточарски фарми/бачила, земјоделски работи, салони за масажа, ноќни клубови, угостителски објекти, фабрики, погони, рудници, плантажи итн.

- ☐ Нивното движење е контролирано од други лица,
- ☐ Работат несоодветни работи за нивната возраст, во несоодветни услови поголем број часови, без паузи и слободно време, без почитување на законската регулатива,

☐Се дисциплинираат преку физички/парични казни, имаат ограничени оброци и движење,
☐Опремата и алатките се прилагодени на нив да работат деца,
☐Изразуваат страв или вознемиреност, потчинети се и/или исплашени,
☐Имале закани дека ќе бидат пријавени на органите на власта.

## ПИТАЧЕЊЕ И СИТЕН КРИМИНАЛ

Децата жртви на трговија со луѓе за цели на питачење и ситен криминал се на различна возраст, деца со пречки во развојот, непридружувани деца и деца мигранти.

☐Децата имаат физички повреди кои може да се намерно предизвикани,
☐Упорно питачат без разлика на временските услови,
☐Постојано се набљудувани/контролирани на одредено растојание од други лица,
☐Принудени се да вршат кражби, доколку не добијат доволно пари од питачењето,
☐Казнувани се доколку не „соберат“ или украдат доволно пари,
☐Живеат и патуваат заедно со возрасни кои не им се родители,
☐Голема група на деца кои имаат ист старател/придружник,
☐Деца кои се занимаваат со дистрибуирање и продажба на дроги,
☐Има сознанија за нивна вклученст во сличен криминал во друга земја/место,
☐Тврдење дека детето било случајно "најдено" непридружувано од страна на возрасни од иста националност или етничка припадност.

## ДОМАШНО СЛУГУВАЊЕ

☐Живееат во семејство каде се експлоатирани,
☐Ангажирани се да работат несоодветни работи,
☐Се хранат одделно од членовите на семејството,
☐Јадат остаоци од храна,
☐Немаат приватен простор и спијат во несоодветна просторија,
☐Никогаш не излегуваат сами и не комуницираат со средината,
☐Подложни се на навреди, малтретирање, закани и насилство,
☐Се дисциплинираат преку физички казни.

## ПРИСИЛНИ БРАКОВИ

☐Регрутирање на деца преку родители, роднини и други лица за „склучување брак“ во странство,
☐Лажни ветувања и измами за добар живот и удобност,
☐Правење на „свадби„ без присуство на момчето,
☐Подложни на повеќе видови експлоатација, особено сексуална експлоатација, питачење, вршење кражби, слугување,
☐Физичко и психичко насилство од страна на членовите на семејството.

ПОСВОЈУВАЊЕ

☐Непоседување на извод од матична книга на родени,
☐Непоседување на документ за следење на бременоста,
☐Породување со туѓа здравствена легитимација,
☐Сознанија за договорена продажба на дете,
☐Измама на мајката дека е детето е починато.